# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ, ЖИВОТНА СРЕДИНА И БЕЗБЕДНОСТ НА ИНФОРМАЦИИ

**Мисија:** Обезбедување на навремено и квалитетно издавање изводи од матичните книги на родени, венчани и умрени како и вршење на услуги за запишување во матичните книги за потребите на граѓаните на Република Северна Македонија и дијаспората.

**Визија:** Воспоставување на ефикасен, ефективен, функционален систем на матична евидинција, кој обезбедува едноставна достапност на нашите услуги.

Управата за водење на матични книги определува и делува во остварување на целите за квалитет, заштита на животна средина и безбедност на информации согласно следните основни постулати:

-развивање и унапредување на административните капацитети со цел успешното функционирање на Управата,

-засилување на соработката со други министерстава и институции за координирање на работите и надлежностите поврзани со граѓанските состојби, матичното работење и државјанството,

-обезбедување постојана доверливост на информациите со кои располага Управата за водење матични книги и грижа за безбедноста на информациите,

-заштита на животната средина, преку идентификација и управување на аспектите кои ги создава кон животната средина согласно воспоставените програми и цели за животна средина,

-континуирано одржување и подобрување на системот за управување со квалитет, заштита на животна средина и безбедност на информации и целосно исполнување на барањата на меѓународниот стандард ISO 9001:2015,ISO 14001:2015 и ISO 27001:2013,

-дигитализација на услугите со цел квалитетна и брза услуга за граѓаните на Република Северна Македонија и зголемување на задоволството на граѓаните,

-соодветна стручна квалификација на вработените, детално познавање на специфичностите во работењето и постојана едукација,

-извршување на работата компетентно и одговорно, во согласност со договорените барања и законските прописи,

-индивидуална и колективна одговорност како основа при работењето.

**Дата: 01.06.2022**

**Директор**

**Blerim Abazi**